**Информација**

Согласно спогодбата на МОН со Унијата на средношколци, ДМПК по Македонски, Албански и Турски јазик и литература за испитните сесии јуни/август 2023 година пристапи кон менување на содржината на тестот.

Комисијата подготви испитни прашања со кои ќе се проверуваат целите од испитната програма за постоечките способности.

Скратената содржина на тестот за испитните сесии јуни/август 2023 година ќе се состои од прашања поврзани со:

- **Способноста *Книжевна анализа* ќе се проверува со прашања од**:
  - Националната книжевност со 1 претставник;
  - Светската книжевност со 1 претставник.

Прашањата поврзани со светската книжевност ќе се однесуваат на следнава листа автори и дела :

- „Гилгамеш“; Хомер; Софокле; В. Шекспир; Ж.Б.Молиер; Џ.Г.Бајрон; А.Пушкин; Ф.Достоевски; Едгар Алан По; А.Ками; А.П. Чехов.

- **Способноста *Читање со разбирање* ќе се проверува со прашања поврзани со**:
  - два (2) текста со различни теми
- **Способноста *Пишување* ќе се проверува преку пишување 1 текст.**

Кандидатите ученици ќе имаат можност да изберат да пишуваат на една од двете понудени теми, на самиот ден на испитот. Опфатот на број на зборови е од 250 до 400 збора.

Темите на кои ќе треба да се пишува го опфаќаат општествено-социјалниот живот на човекот со акцент на сфаќањето на младите на посочените општествено-социјалните услови.

Учениците во пишувањето на текстот ќе треба:

- внимателно да ги прочитаат насловот и насоките за да можат правилно да го разберат барањето на темата;
- да ги користат насоките кои ги добиваат заедно со насловот и истите да ги распределат во композицијата на текстот (вовед; главен дел; заклучок);

- да знаат дека одговорите на насоките се поврзани со критериумите за оценување.

Сугестиите за пишување текст може да се најдат и да се прочитаат на веб-страницата www.matura.gov.mk/www.dic.edu.mk во документите:

- Информираност за успешно полагање на матурскиот испит;
- Сугестии за подобри одговори на прашањата од делот Пишување (за мајчините и странските јазици);
- Сугестии за подобри одговори на прашањата од тестот поврзани со способноста Пишување;
- Упатство за пишување текст со дадени насоки.

- **Подрачјето јазик ќе се проверува со прашања од темите содржани во испитната програма.**

**Препорака за учениците – идни матуранти**

**Идните матуранти:**

- ќе треба да пишуваат **со ракописно писмо** на јазикот на кој го решаваат тестот.

- не треба да препишуваат и не треба да дозволат друг да препишува од нив;

- не треба да користат туѓи (веќе напишани од друго лице) текстови или реченици;

- не треба да преземаат готови информации од различни извори, дури и ако се работи за познати мисли од некоја книга, од некоја личност - тоа се смета за литературна кражба - плагијат. За секој преземен текст ќе треба да се наведе изворот.

- не треба да го пишуваат своето име и презиме на било која страна од тестот.

Во процесот на прегледување на тестовите,оценувачите се тие кои ќе го воочат тоа, па во таква ситуација целиот тест ќе се вреднува со 0 поени.

Поставените материјали на нашата веб-страница www.matura.gov.mk или на www.dic.edu.mk кои се однесуваат на наведените наставни предмети,

учениците ќе може да ги користат за успешна подготовка на матурскиот испит, заедно со насоките кои учениците ги добиваат од своите професори во наставниот процес.